**Здружение на граѓани „Младински образовен форум"**

Ул.Дренак34-а, 1000Скопје, Република Северна Македонија

+389 70 315-460

info@mof.org.mk, www.mof.mk

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Во однос на Повикот за достава на понуда за креирање и спроведување на караван на младински театарски перформанс во рамки на проектот *"Ангажирање на младите за подобрување на наративот за лицата под мандатот на УНХЦР"* објавен на веб-страницата на Младински образовен форум (МОФ), www.mof.mk, на 27 јуни 2023 година, Младински образовен форум (МОФ) го објавува следното известување:

1. Рок за поднесување на понуди: Рокот за поднесување на понуди истече на 13 јули (четврток) 2023 година, до 17:00 часот. Со дополнето известување на веб-страницата, комисијата за избор на понуди реши да ги разгледува сите понуди кои ќе пристигнат по пошта до адресата на Младински образовен форум заклучно со 21 јули 2023 година, со печат до 13.07.2023 година.

2. Процес на избор на понуди: На повикот пристигнаа 8 апликации кои беа разгледувани од страна на комисијата за избор на понуди на 24 јули 2023 година (понеделник). За да се смета за целосна понудата, заинтересираните понудувачи требаше да достават: **техничка понуда (со** Портфолио на правниот субјект, тековна состојба од Централен регистар, кус наративен и финансиски извештај за претходната година, лична биографија на клучните лица за креирање и спроведување на младинскиот перформанс и наративна понуда), **финансиска понуда** (со задолжително користење на Анекс 3 од понудените документи и цени искажани во денари кои се ослободени од ДДВ) и да ги **задоволат минимум критериумите** за да бидат разгледувани (доказ за искуство во полето на креирање и спроведување на театарски перформанси/претстави и доказ за искуство за работа со млади и за млади). **Финансиската понуда ќе биде отворена и евалуирана само кај оние понудувачи кои ќе ја задоволат техничката евалуација.** Од добиените понуди, сите 8 апликации ги исполнуваа условите за да бидат разгледувани нивните технички и финансиски понуди.

3. Членови на комисијата за избор на техничка понуда: Ивона Кузмановска (Програмски директор), Панде Ефтимов (Координатор на програмата Младински активизам) и Горан Костовски (Координатор на Радио МОФ). Членови на комисија за избор на финансиска понуда: Илина Поп-Христова (Административен директор) и Ивона Кузмановска (Програмски директор).

## ОДЛУКА

Откако детално ги разгледа и оцени добиените техничките и финансиските понуди на 8 (осумте) апликанти, Комисијата за избор на понуди одлучи да ја избере понудата на Вондерленд Театар Скопје со добиени 87 поени од вкупниот број на поени.

Соодносот на добиените поени е следниот:

- Од вкупно 60 поени за техничката понуда, понудувачот освои 55 поени, додека пак од вкупно 40 поени за финансиската понуда, понудувачот освои 32 поени.

Младински образовен форум (МОФ) се заблагодарува на сите апликанти за одвоеното време и учество во повикот и ги охрабрува во иднина да ги следат објавените повици на веб-страницата www.mof.mk.

Со почит,
Тимот на Младински образовен форум (МОФ)